РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ 2

| Примено | 26.08.2013 | | |
|---|---|---|---|
| Орг единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 12/72 | | |


Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и член 30 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12 и 24/13), министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по *англиски јазик* за VI одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен вид.

**АДАПТИРАНА НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО ОШТЕТЕН ВИД**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# АНГЛИСКИ ЈАЗИК

**VI одделение**

**ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

Скопје, 2013

# 1. ВОВЕД

Предметот англиски јазик како прв странски јазик е застапен во Наставниот план за деветгодишно основно обрзование во сите три развојни периоди на деветгодишното основно образование почнувајќи од прво одделение па се до крајот на деветтото одделение.
Застапеноста на предметот во Наставниот план за деветгодишното основно образование се должи на современите тенденции во образовните системи на повеќето земји од Европската унија, каде што на изучувањето на првиот странски јазик му е посветено посебно внимание. Имено, со изучувањето се започнува од првата година на задолжителното основно образование.
Современата настава по странски јазици за учениците од 6 до 14 години ја определува широко сфатената цел за усни и писмени комуникациски компетенции на странскиот јазик проширени со читачки, социокултурни и интеркултурни компетенции. Наставата е насочена на ученикот како субјект на наставниот процес, неговиот когнитивен – афективно - социјален развој, односно на развојот на неговата самостојност во учењето и стекнувањето стратегии на учење како основа за доживотно учење.

Предметот англиски јазик во шесто одделение се изучува со 2 (два) часа неделно, односно 72 часа годишно и има статус на задолжителен предмет.
Појдовни основи за изготвувањето на Наставната програма за VI (шесто) одделение на основното деветгодишно образование се:
- програмскиот документ *Концепција за деветгодишно основно образование* (содржини и организација на воспитно-образовната дејност) од 2007 година;
- *Заедничката европска референтна рамка за јазиците* (теориските основи и целите на современата настава по странските јазици и нивоата на компетенции за комуникативна употреба на странскиот јазик).[1]

[1] Како ориентација во однос на нивоата на јазични компетенции кои учениците би требало да ги постигнат на крајот на одделни воспитно-образовни периоди на основното образование земени се предвид насоките од *Заедничката европска референтна рамка за јазиците*, кои разликуваат вкупно шест нивоа на комуникативно користење на странскиот јазик: Во подрачјето на елементарно ниво тоа се нивоата А1 (подготвително ниво/Breakthrough) и А2 (темелно ниво/Waystage), во подрачјето на самостојно користење на јазикот нивоата Б1 (преодно ниво/Threshold) и Б2 (самостојно ниво/Vantage) и во подрачјето на компетентно користење на јазикот ниво Ц1 (напредно ниво/Effective Operational Proficiency) и Ц2 (највисоко ниво/Mastery).
Во услови на учење на англискиот јазик во Република Македонија учениците по првите три години на учење на англискиот јазик (од I - III одделение) можат делумно да го постигнат нивото А1 (подготвително ниво), по следните три години на учење на англискиот јазик (IV-VI одделение) можат целосно да го постигнат нивото А1 (подготвително ниво) и можат делумно да го постигнат нивото А2 (темелно ниво) . Постигањето на компетенциите согласно наведените нивоа ќе биде прикажано преку очекуваните резултати во програмата за шесто одделение.

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ЗА VI ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да се оспособи слухово и визуелно (слабовидни ученици) да препознава нови зборови и куси искази и да го разбере нивното значење;
- да може да репродуцира и продуцира зборови и едноставни јазични искази;
- да се оспособи да чита куси текстови за идентификување конкретни и глобални информации (видно или Брајово писмо);
- да се оспособи да пишува едноставни јазични искази и куси текстови со правилна употреба на интерпункциските знаци (видно или Брајово писмо);
- да може да води едноставна комуникација на ниво на усвоениот вокабулар со примена на јазични функции блиски на возраста на учениците;
- да се здобие со знаења за други култури

## 3. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Компонента 1: ЛЕКСИЧКИ ЕДИНИЦИ[2] | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Примери** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:** | | | |
| ❖ да го разбере значењето на лексичките единици, да ги репродуцира и да ги употребува во соодветни говорни ситуации. | Моето семејство и пријателите (опишување на личности, физички карактеристики и интереси) | He's a hard-working student.<br>She's got long hair.<br>He is very tall.<br>They like dancing. | Активности од типот на вежби со слушање аудиоснимки или говорот на наставникот и репродуцирање на слушнатото, вежби од типот на опишување дадена слика или портрет (слабовидни) и тактилно перципиран модел (слепи), пишување кратки описи, игри од типот *"Café portraits"*, *"Heads, bodies and legs"*, *"Touch-hand activities"* и сл. |
| | Младите и нивното секојдневие | Girls like shopping and going to the cinema.<br>Boys like playing football. | Активности од типот на пополнување прашалници и анкетирања на ниво на одделението. |
| | Во ресторан | starter, main course, dessert, tablecloth, spoon, knife, glass, plate, … | Активности од типот на вежби со слушање аудиоснимки или говорот на наставникот и репродуцирање на слушнатото, составување *menu*, игри од типот симулација (учениците се ставаат во улога на *waiter customer*) и др. |
| | Географски поими | village, mountain, river, sea, ocean, desert, … | Активности од типот вежби со слушање аудиоснимки или говорот на наставникот и репродуцирање на слушнатото, препознавање и именување на географски поими според |

[2] При обработка на новиот лексички материјал не треба да се воведуваат повеќе од 7-8 нови лексички единици на еден наставен час. Лексичкиот материјал сукцесивно се проширува и се повторува.

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | мапи, фотографии, флеш-карти или постер (слабовидни) и релјефни карти (слепи), игри од типот *Quiz*, *Vocabulary squares*, *Guessing game* и др. |
| | Тинејџери и технологија | computer, DVD player, iPod, mobile phone, message, internet, e-mail, … | Активности од типот вежби со слушање аудиоснимки или говорот на наставникот и репродуцирање на слушнатото, препознавање и именување на видови апарати по дадена фотографија, флеш-карти, постер (слабовидни) и конкретни предмети (слепи), вежби од типот на *Listen and identify, Touch and identify, Picture gaps,* вежба од типот на симулација *Shopping role-play*, игри од типот *A very long sentence*, *Hangman* и др. |
| | Уметност -музички инструменти - филм | drums, guitar, keyboard, … cartoons, … | Активности од типот вежби со слушање аудиоснимки или говорот на наставникот и репродуцирање на слушнатото, *"Vocabulary jigsaws"*, погодување на музички инструменти од аудиоснимки и тактилно перципирани инструменти (слепи), *"Touch-hand activities"*, *Guessing game* и др. |
| | Празници и карневали | Halloween, April Fools' Day, Christmas, Easter, … Vevcani Carnival, Strumica Carnival, … | Активности од типот симулирање на говорна ситуација на тема празници, изработка на честитки за одредени празници, изработка на маски, симулација на претстава по повод одреден празник, учење песнички *Jingle bells*, *Carnival song, Fancy dress party,* римувалки и сл. |

| Компонента 2: ГРАМАТИЧКИ СТРУКТУРИ[3] | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Примери** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>❖ да ја препознава, разбира и употребува формата на *Present Continuous Tense* со идно значење во потврдна форма; | *Present Continuous Tense* со идно значење во потврдна форма | They're making a pizza this evening. | Активностите и методите кои ги сугерираме можат да се применат во сите наведени содржини во граматиката согласно барањата за изучување на граматичките структури.<br>Активности кои се сугерираат за реализација на содржините од граматиката се следните:<br>▪ слушање исказ од наставникот и невербално реагирање на истиот (мимика, гестикулација, TPR-слабовидни);<br>▪ вежби од типот на вербално реагирање на поставено прашање;<br>▪ вежби со користење илустрации, флеш карти и постери (слабовидни) и релјефни цртежи (слепи);<br>▪ користење реалија како средство за реализација на одредени содржини од граматиката;<br>▪ игри со броење, подредување, цртање (слабовидни) или моделирање (слепи);<br>▪ пеење песнички;<br>▪ играње по улоги и симулации на дадени ситуации и сл.;<br>▪ активност од типот *Jazz Chants*;<br>▪ активности од типот пополнување празни места во реченицата (видно или со Брајово писмо). |

[3] Граматичките структури никогаш не се толкуваат експлицитно, туку нив учениците ги усвојуваат глобално во предложени јазични структури.

| | | | |
|---|---|---|---|
| ❖ да ја препознава, разбира и употребува формата на *Present Continuous Tense* со идно значење во прашална форма за планирање на идни дејства; | *Present Continuous Tense* со идно значење во прашална форма | Where are you going tonight? | |
| ❖ да може да ги препознава, разбира и употребува прилозите за време на *Present Continuous Tense* со идно значење; | Прилози за време на *Present Continuous Tense* со идно значење | this evening, next month... | |
| ❖ да може да ја препознае фомата на модалниот глагол *should* за давање совети во потврдна форма; | Модален глагол *should* (потврдна форма) | You should study more. | |
| ❖ да може да ја препознае фомата на модалниот глагол *should* за давање совети во негативна форма; | Модален глагол *should* (негативна форма) | You shouldn't eat too much chocolate! | |
| ❖ да може да ги препознава, разбира и правилно употребува личните објективни заменки; | Лични предметни заменки | me,him,them.... | |
| ❖ да се оспособи правилно да ја разбере и применува употребата на описните придавки; | Описни придавки | short,long,small... | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ❖ да може да го препознае и правилно употребува заповедниот начин кај глаголите; | *Imperative* | Be quiet!<br>Sit down! | |
| ❖ да може да ја препознава формата на глаголот to be во минато време во потврдна форма; | Глаголот to be во минато време во потврдна форма | I was at shool. | |
| ❖ да може да ја препознава формата на глаголот *to be* во минато време во прашална и негативна форма; | Глаголот *to be* во минато време во прашална и негативна форма | Were you at the party?<br>She wasn't with us. | |
| ❖ да може правилно да ги подредува зборовите во кратки реченици. | Правилен редослед во реченицата | swim/He/very/can/<br>well<br>He can swim very well. | |

| Компонента 3: ЈАЗИЧНИ ФУНКЦИИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Примери** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>❖ да може да води едноставна комуникација во соодветни говорни ситуации со примена на јазичните функции на ова ниво на изучување на јазикот, односно блиски на возраста. | Претставување и давање податоци за себе и поширокото семејство и пријателите. | My name is Ana. I live in a big house with my parents and my sister.My mother is a doctor and my father is a teacher. My sister wants to be a pop singer. | Игри во двојки (водење дијалог).<br>Активности во групи и драматизации. |
| | Опишување на личности, физички карактеристик и и интереси. | She`s a very hard-working person.<br>He`s very tall with long blond hair.<br>They love skiing. | Игра од типот *"Guess who I am?"* со тактилно перципирање на физичките карактеристики. |
| | Искажување минати дејства | I was at the cinema last night. | Активности од типот на прашања и одговори (работи во двојки). |
| | Географски поими (именување и опишување) | My town is small and very clean.<br>The Vardar is a very long river.<br>There are two cinemas and a theatre. | Активности од типот вербално искажување по дадени слики, постери (слабовидни), релјефни карти (слепи),работа во двојки или групи, натпревари, *Guessing game* и сл. |
| | Именување на училишните предмети во шесто одделение | Geography is my favourite subject.<br>I like History because we learn about the past. | Активности од типот вербално искажување по даден распоред и сл. |
| | Именување музички | My brother plays the piano.<br>I can play the guitar but I can't | Активности од типот вербално искажување по дадени слики и постери (слабовидни) и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | инструменти и филм | play the violin. | тактилно перципирани инструменти (слепи), симулации на дадена ситуација и сл. |
| | Барање и давање совет | I have a test tomorrow.<br>You should study.<br>I've got a cold.<br>You should stay in bed and rest. | Активности во двојки, драматизации и сл. |
| | Порачување храна во ресторан | -What would you like to order?<br>- Pancakes and orange juice, please | Вежби од типот прашања и одговори, симулација на дадена ситуација и сл. |
| | Поканување, прифаќање и одбивање | Will you come shopping with me tomorrow?<br>Yes, of course.<br>I`m sorry, but I must study for the test. | Работа во двојки и сл. |
| | Посакување пријатни празници и искажување разлики во прославувањето кај нас и во другите земји | Have a nice holiday!<br>Happy Thanksgiving.<br>We cook turkey and pumpkin pie on Thanksgiving. | Симулирање говорна ситуација на тема празници (национални и верски празници и др.).<br>Изработка на честитки за одредени празници, симулација на претстава по повод одреден празник и сл. |
| | Сугестии | What shall we do now?<br>Let's watch a film. | Работа во двојки и сл. |

| Компонента 4: СЛУШАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Примери** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ ученичката:** | | | |
| ❖ да може да го разбере значењето на лексичките единици предвидени за изучување на оваа возраст. | Лексичка единица | hard-working, lazy<br>shopping, going to the cinema, playing football<br>village, mountain, river, …<br>drums, guitar, ….<br>cartoon, …<br>starter, main course, desert…<br>Halloween, April Fools' day, Christmas, … | Невербално реагирање на: говорен поттик, слики, постери, флеш карти (слабовидни) и вербално реагирање (слепи); игри од типот *Information gap, Hangman, Words from words, Guess the words", "Touch-hand activities"*; песни (пр. *We wish you a Merry Christmas, Jingle bells*); римувалки и сл. |
| ❖ Да може да разбере едноставни куси искази;<br><br>❖ да може да ги разбира основните намери на својот соговорник. | Едноставни куси искази | He's a very nice person.<br>They like shopping.<br>There are high mountains in my country.<br>Sarah was at the cinema. She always buys bread in the supermarket.<br>Tom plays the drums.<br>We like cartoon network.<br>He is sending messages on his mobile. | Вежби од типот на соодветно реагирање на слушнати искази (од аудиозапис или од наставникот, на пр.: движење на телото, мимика); невербално реагирање на инструкција/ исказ од наставникот (слабовидни) и вербално реагирање (слепи). |

| Компонента 5: ГОВОРЕЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Примери** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>❖ да се поттикнува правилно да ги изговара и соодветно да ги применува лексичките единици во едноставни куси искази предвидени за ова ниво за изучување на јазикот во рамките на предвидените јазични функции и граматички структури. | Географски поими | My father's village is big/small.<br>There is a river. | Активности од типот на вербално повторување и продуцирање на едноставни исказни реченици преку: играње улоги, бројалки, рецитирање и пеење, по можност проследено со движења, учество во кратки дијалошки ситуации, драмски изведби и раскажување приказни како потврда за усвоеност на лексиката и структурите. |
| | Физички карактеристики на личноста | My best friend's name is Mary. She is 12. She's got short brown hair, blue eyes and she's tall. | |
| | Дневна рутина | I always get up at 7 o'clock. I go to school at 8 o'clock. | |
| | Навики при јадење | I always start my lunch with salad<br>My sister has a banana for dessert. | |
| | Музички инструменти | Ben plays the piano. | |
| | Празници | My favourite day is New Year's Eve.<br>We always get presents for Christmas. | |
| | Тинејџерите и технологијата | I play computer games every day. | |

| Компонента 6: ЧИТАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Примери** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>❖ да чита и да разбира упатства, инструкции, натписи и пораки;<br>❖ да чита со идентификување конкретни информации во даден текст;<br>❖ да чита за глобално разбирање на едноставни куси искази (куси наративни текстови). | Упатства, инструкции, натписи, пораки и сл.<br>Конкретни информации во даден текст<br>Куси наративни текстови | Read the text and answer the questions!<br>Follow this direction to come to the school!<br>Silence please!<br>Come to my birthday party!<br>The Vardar is a very long river in Macedonia. It flows through Skopje and Veles. Many people like fishing.and often go there. There are a lot of fish in the river. | Вежби од типот на гласно читање(видно или брајово писмо) во група и индивидуално;<br>активности од типот на поврзување на зборови со слики(слабовиди) или конкретни предмети(слепи);<br>поврзување на едноставни куси реченици со слики(слабовиди);<br>стимулирање на читање со разбирање (користење на флеш карти, сликички, постери, вежби од типот True/False итн.).<br>Читање текстови од разгледници, куси писма, пораки и и-меил пораки, соопштенија за секојдневните ситуации и куси наративни текстови (видно и брајово писмо или компјутерска говорна програма). |

| Компонента 7: ПИШУВАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Примери** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>❖ да се оспособува правилно да пишува усно усвоени зборови; (видно или Брајово писмо);<br>❖ да пишува куси искази по дадена звучна и визуелна информација(слабовиди); (видно или Брајово писмо);<br>❖ да пишува куси искази (состави) на посочена или замислена тема и структуирани идеи со правилна употреба на интерпункциските знаци; (видно или Брајово писмо). | Правилно пишување на зборови и реченици по спелување и диктат<br><br>Едноставни реченици, пораки, куси описи<br><br>Куси состави (кратка порака, писмо, опис, честитка и сл.) | I like corn flakes and milk for breakfast....<br><br>I go to the cinema every Saturday. Come with us to the swimming pool.<br><br>I visit Vevchani Carneval every year. It is in January. It is iteresting...... | Вежби од типот на дополнување на зборови со испуштени букви (игра од типот *Hangman*); вежби со пишување на своето име; игра од типот составување на едноставни зборови од дадени букви со измешан редослед; пишување на зборови по дадени слики (слабовиди), пополнување на текст со зборови кои недостасуваат според упатства за пишување куси реченици; пополнување на текст со зборови кои недостасуваат според упатства за пишување куси реченици; -пишување реченици и многу куси текстови според звучен модел – диктат. Ставање зборови во правелен ред во една реченица и сл.<br>Пишување честитки, пораки на разгледници, e-mail пораки;<br>Пополнување формулари со лични податоци. Самостојно и заедничко осмислување на текстови за слики и изработка на одделенски весник или постер. |

**Компонента 7: Култура**

Содржините од Култура се застапени во сите компоненти во изучувањето на јазикот, односно не се изучуваат изолирано како посебна компонента.

Целта е да се создаде сензибилизација за воочување на културолошките разлики и сличности како основа за развивање на толеранција и емпатија кон другиот и различниот (на пр., преку имиња, празници, модели на културно однесување, храна, песни, игри, бројалки, комуникативни модели, паралингвистички елементи и др.), организирање мали прослави за одбележување на Денот на благодарноста (Thanksgiving), Божик, Априлијада, Велигден и сл.

Целта е да се стекнат интеркултурни компетенции за однесување имајќи ги предвид културните разлики; создавање чувство за воочување на културните разлики низ учењето и воспитувањето и социјализација на содржините како основа за развивање почит кон другите луѓе и различните работи. Во пристапот на наставните содржини и теми, како и културолошките, воспитните и социолошките треба да се води сметка за однесувањето во различни култури, обработка на содржини коишто овозможуваат споредба и социјализиација на македонската култура со другите култури.

Напомени за начинот на планирање и реализација на наставната програма

Во паралелките во посебните основни училишта и во посебните паралелки при редовните основни училишта составот на учениците е изразито хетероген. За учениците со посебни образовни потреби, согласно видот и степенот на попреченоста, треба да се практикува строго диференциран и индивидуализиран пристап во рамките на воспитно – образовниот процес. Ваквиот приод е во функција на нивните индивидуални специфични потреби, а, се очекува да резултира со развивање на индивидуалните потенцијали, и, секако максимални академски постигања.

Во тој контекст, наставниците кои реализираат настава со овие ученици треба:

- да се обидат при изготвувањето на планирањето (доколку видот и степенот на попреченоста на учениците во паралелката го дозволува тоа) да планираат исти содржини, цели и активности за целата паралелка;
- за учениците во паралелката чиј вид и степен на попреченост не дозволува наставниците да планираат исти содржини, цели и активности за целата паралелка, тогаш за нив треба да планираат парцијална партиципација во рамките на содржините, целите и активностите кои ги реализира целата паралелка;
- доколку видот и степенот на попреченост е многу сериозен наставникот пристапува кон изготвување интерен индивидуален образовен план за тие ученици во рамките на адаптираните наставни програми (при изготвувањето на индивидуалниот образовен план наставникот може да користи наставни содржини и цели и од наставните програми од претходните учебни години). Кога наставникот во индивидуалниот образовен план користи наставни содржини и цели и од наставните програми од претходните учебни години, треба да ги наведе одделението, содржините, како и целта на нивното повторно обработување.

## 4. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Планирањето и реализацијата на наставата за учениците со оштетен вид се одвива како и за останатата популација, но при реализација се применуваат специфични нагледни средства и помагала, како и реализација на вежбовни активности (вежби за видот, перипатологија - вежби за ориентација и движење, употреба на тифлотехника, усвојување на секојдневни социјални вештини). Учениците со оштетен вид го запознаваат и откриваат светот, комуницираат и учат користејќи ги останатите сетила. Тие го користат остатокот на вид (доколку постои), но за нив најважни се тактилната перцепција, слухот и добриот говорен модел.

Во планирањето на наставата за шесто одделение предвид се земени содржините во наставните програми по другите предмети кои се изучуваат во шесто одделение, односно почитуван е принципот на меѓупредметно поврзување по однос на целите и содржините со акцент на интегрирано поврзување со содржини од мајчиниот јазик.

Наставата по англиски јазик за учениците на оваа возраст се заснова на мултисензорно (визуелно, аудитивно, тактилно и др.) и холистичко учење кое ги опфаќа когнитивните, афективните и моторните аспекти на учениците, односно наставникот ги интегрира различните компоненти со што јазикот се се учи на функционален начин.

Согласно горенаведеното во странскиот јазик не можат да се издвојат, односно не може да се планира бројот на часовите по одделни компоненти.

Наспроти карактеристиките на раното изучување на англискиот јазик (I-III одделение), наставата во повисоките одделенија на основното образование (IV-VI одделение) постапно се ориентира на когнитивното учење со зголемена експликација на јазичните структури со свесна примена на јазичните структури во контекст и постапно воведување на граматичкиот метајазик. Во овој период се настојува воедначено да се развиваат говорната и писмена комуникација. Тоа значи дека се обрнува подеднакво внимание на сите јазични вештини: слушање и читање во рамките на компонентата разбирање, на говорот како од аспект на говорна интеракција како и од аспект на говорна продукција, т.е. на пишувањето.

*Наставни средства:*

- комплет од одобрен учебнички систем;
- пакет прирачен материјал за наставникот (флеш-карти, постери и др.);
- касетофони/касети со песни; компјутер со соодветен софтвер; ЦД, ТВ, ДВД;
- други извори на учење во непосредната околина - предмети во просторијата каде се изучува англискиот јазик;
- Интернет пристап, образовни софтвери, компјутерски говорен програм;
- списанија за наставникот;
- релјефни цртежи и карти (географски);

-Брајова машина;
-телевизиска лупа за слабовидни;
-специфични нагледни средства и помагала.

Наставниот предмет е задолжителен, застапен е со 2 часа неделен, односно 72 часа годишен фонд.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

*Следење на постигањата на учениците*

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за учење, соработката со другите и сл. (формативно оценување). Секоја активност на часот при која учениците ја искажуваат јазичната активност, било на рецептивно, репродуктивно или продуктивно ниво, дава можност за воочување на напредокот и негово вреднување. Тоа значи дека евалвацијата се врши како интегрален дел на самиот наставен час, а не како изолиран чин. Многу е важно при постапките на проверка на знаењето, како и оценувањето на ученикот, тие постапки да не се разликуваат од вообичаените активности на часот, односно учениците не треба посебно да се издвојуваат од групата при проверката на усното јазично реагирање.

**Битно е** поголем акцент да се стави на позитивните аспекти на напредокот на учениците, т.е. на она што ученикот го знае, а не она што не го знае. Важно е секој напредок да се награди соодветно, бидејќи на младите ученици им е потребна повратна информација за остварениот успех, што може да биде усна пофалба или позитивна реакција изразена преку гест или мимика или, пак, со насмевка од страна на наставникот, нацртан цвет и сл.

Вреднувањето на напредокот на учениците ќе се врши описно во текот на училишната година при што наставникот има обврска во посебна тетратка континуирано да води забелешки за секој ученик посебно за неговото напредување согласно компонентите на јазикот предвидени со наставната програма за шесто одделение. Со цел на родителите да им се овозможи увид во напредувањето на нивните деца и во нивниот процес на учење пожелно е да се воведе *Европско јазично портфолио* кое придонесува учениците да ја развијат свеста како учесници во наставниот процес. Портфолиото ги води кон сфаќањето на учењето како процес на стекнување на знаења и вештини во кој активно учествуваат. Притоа ги поттикнува на размислување за успешните стратегии на учење, за проценка на постигнатите знаења и вештини како и за индивидуалните желби и планови за напредување и учење на странскиот јазик.

На крајот на првото полугодие во шесто одделение и на крајот на учебната година учениците ќе бидат оценети со бројчана оценка.

## 6. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Просторните услови и опременоста на училниците за успешна реализација на Наставната програма за шесто одделение треба да се во согласност со општиот норматив за опременост за реализирање на наставните програми за шесто одделение и во согласност со индивидуалните образовни потреби на учениците со оштетен вид.

Се препорачува, заради полесна и непречена комуникација и работа, со и помеѓу учениците, за да слушне подобро што се зборува и најоддалечениот ученик да има преглед на училницата, клупите да бидат наредени на следниот начин: повеќе клупи доближени заедно, разни варијанти на буквата „П", како и преместување и групирање на столчињата по потреба (при драматизација).

## 7. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

- Завршени студии по англиски јазик и литература - наставна насока, VII [1].
- Завршени студии по англиски јазик и книжевност, VII [1].
- Завршени двопредметни студии по македонски и англиски јазик, VII [1].
- Завршени студии по англиски јазик и литература - друга насока и со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на соодветен факултет, VII[1].
- Дополнителна дефектолошка дообразба.

Изготвил: работна група, координатор Марија Симонова, советник во Бирото за развој на образованието - Скопје
Контролирал: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор во Бирото за развој на образованието – Скопје
Одобрил: м-р Весна Хорватовиќ, директор на Бирото за развој на образованието - Скопје

## 8. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по **англиски јазик** за шесто одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен вид, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

на ден ---------------------------------------------

Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-3973/1
19. 08. 20 13 год.
СКОПЈЕ

Министер,

Спиро Ристовски